**20192163359**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 39 став (5) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДАНОЧНИОТ БИЛАНС НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на даночниот биланс на непрофитни организации.

Член 2

Даночниот биланс на непрофитни организации се поднесува на образец „ДБ-НП/ВП” изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на образецот на даночниот биланс од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-9108/1
15 октомври 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска,** с.р.

**ПРИЛОГ**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## на непрофитни организации

**ДБ-НП/ВП**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

Даночен период

| | | | |
|---|---|---|---|
| од | | до | |
| Рок за поднесување | | | |
| Исправка на ДБ-НП/ВП | | Број | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опис на дејност | Шифра НАЦЕ | | Назив НАЦЕ | |
| Организационен облик | Шифра | | Назив на организационен облик | |

## А. УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

*"без дени"*

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| **I.** | **ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ** | | |
| 1. | Приходи од продажба на производи и стоки | 01 | |
| 2. | Приходи од услуги | 02 | |
| 3. | Приходи од кирии и закупнини | 03 | |
| 4. | Сопствени приходи | 04 | |
| **II.** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ (збир од АОП 01 до 04)** | 05 | |
| **III.** | **НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ ЗА 1.000.000 денари (член 4-а од Законот за данокот на добивка)** | 06 | |
| **IV.** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ ПО НАМАЛУВАЊЕ (реден број II - III)** | 07 | |
| **V.** | **ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД (IV* 1%)** | 08 | |

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДБ-НП/ВП**

Здруженијата на граѓани, фондациите, сојузите, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување (во натамошниот текст: организации), регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации стануваат обврзници за пресметување и плаќање данок на вкупен приход, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност е поголем од 1.000.000 денари, согласно член 4-а од Законот за данокот на добивка.

Даночниот биланс на непрофитни организации се поднесува во рокот пропишан за поднесување на годишната сметка согласно со Законот за сметководство на непрофитните организации, до крајот на месец февруари наредната година, односно во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусна промена, и истиот се доставува до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk

При пополнување на даночниот биланс, податоците внесете ги читливо и целосно, во точно означените полиња.
Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.
Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број (ЕДБ), скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт , даночен период за кој се поднесува даночниот биланс и рокот за поднесување.

## Податоци за дејноста

- **Опис на дејност**
  - **Шифра НАЦЕ** - се внесуваат вкупните шифри (сектор, оддел, група, класа и подкласа) од НАЦЕ.
  - **Назив НАЦЕ** - внесете го целиот назив на дејноста од НАЦЕ.
- **Организационен облик**
  - **Организационен облик** - се внесува шифра и назив на организационен облик од решението за тековна состојба од Централен регистар.

## I. ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ

1. **Приходи од продажба на производи и стоки**
   Се внесува податок од АОП 241 од Биланс на приходите и расходите.
2. **Приходи од услуги**
   Се внесува податок од АОП 242 од Биланс на приходите и расходите.
3. **Приходи од кирии и закупнини**
   Се внесува податок од АОП 245 од Биланс на приходите и расходите.
4. **Сопствени приходи**
   Се внесува податок од АОП 246 од Биланс на приходите и расходите.

## II. ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ (збир од АОП 01 до 04)

## III. НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ ЗА 1.000.000 денари (член 4-а од Законот за данокот на добивка)

## IV. ВКУПНИ ПРИХОДИ ПО НАМАЛУВАЊЕ (реден број II - III)

## V. ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД

Се добива кога износот на реден број IV ќе се помножи со пропишаната стапка од 1%.

### Исправка на даночен биланс

Полето "Исправка" се означува со "X" доколку даночниот обврзник поднесе корегиран даночен биланс на непрофитни организации/исправка, во случај кога пред истекот на рокот за застарување (пет години) утврди дека даночниот биланс на непрофитни организации кој го доставил до УЈП е невистинит, погрешен или нецелосен.
Во полето "Број" се впишува архивскиот број на даночниот биланс на непрофитни организации за кој се врши исправка.

### Податоци за составувачот и потписникот

Се пополнуваат податоците за потписникот и составувачот на билансот.